This project is funded
by the European Union

Овој проект е финасиран
од Европската Унија

A project implemented
by the Coalition All for Fair trials

Проектот е имплементиран од
Коалиција Сите за правично судење

# МОНИТОРИНГ БРИФ ЗА ПРАВОСУДСТВО

## КОАЛИЦИЈА „СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ“

## АВГУСТ/СЕПТЕМВРИ, 2024



**Издавач:**

Коалиција „Сите за правично судење“

**Автор:**

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

**Дизајн и техничка обработка:**

Даниел Митковски

Овој мониторинг бриф е изработен со финансиска поддршка на Европската Унија. Неговата содржина е единствена одговорност на Коалицијата „Сите за правично судење“ и истата не може да се смета дека ги одразува ставовите на Европската Унија.

Достапно единствено како електронско издание

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Предмети од областа на организиран криминал и корупција

### „СИНЏИР” КОК-61/22

На 22.08.2024 година, на рочиштето за главна расправа беше испитан 1 вештак кој е предложен од страна на јавното обвинителство.

На 05.09.2024 година, главната расправа продолжи со испитување на 1 вешто лице и 1 сведок предложени од страна на јавното обвинителство.

На 11.09.2024 година, на рочиштето за главна расправа беа испитани сведоци предложени од страна на јавното обвинителство.

### „27МИ АПРИЛ-ОРГАНИЗАТОРИ” КОК-63/23

На 03.09.2024 година, рочиштето се одложи поради отсуство на судијата.

### „ТАРГЕТ-ТВРДИНА” КОК-11/23

Рочиштето на 04.09.2024 година, беше одложено поради отсуство на јавен обвинител.

На 27.09.2024 година, на рочиштето беа испитани 3 технички советници предложени од страна на одбраната.

### „ФЕНИКС” КОК-12/24

На 12.09.2024 година, рочиштето за главна расправа беше одложено поради отсуство на обвинети.

# АКТУЕЛНИ СУДСКИ ПОСТАПКИ

## Останати судски предмети

### „ПРЕДМЕТОТ ЗА ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА СТРУГА” К-63/24

На 02.09.2024 година, рочиштето беше одложено поради истакнато барање за изземање на судечкиот судија од страна на одбраната.

### „КЛИНИКА ЖАН МИТРЕВ” К-349/23

На 04.09.2024 година, на рочиштето за главна расправа се изведуваа докази предложени од страна на застапникот на обвинението.

На 23.09.2024 година, на рочиштето беа сослушани оштетените лица во однос на имотноправното побарување.

### „УБИСТВОТО НА ВАЊА ЃОРЧЕВСКА И ПАНЧЕ ЖЕЖОВСКИ“ К-1339/24

На 04.09.2024 година, рочиштето беше одложено поради донесена одлука за спојување на две судски постапки во еден предмет.

На 20.09.2024 година, започна главната расправа со давање на воведни говори од странките во постапката.

### „СУДЕЊЕ ЗА М.Д- ГРАДОНАЛАЧНИК НА КУМАНОВО“ К-115/24

На 04.09.2024 година, на рочиштето за главна расправа беа изведени докази предложени од страна на јавното обвинителство.

### „ПЕНДИКОВ” К-54/23

На 10.09.2024 гофина рочиштето беше одложено поради тоа што одбраната достави докази за кои судот треба да донесе одлука дали ќе бидат прифатени.

### „МОДУЛАРНА БОЛНИЦА-ТЕТОВО“ К-512/24

Рочиштето на 25.09.2024 година беше одложено поради отсуство на бранител.

## СЕДНИЦИ НА СУДСКИ СОВЕТ НА РСМ

На 05.08.2024 година, Судскиот совет ја одржа 494-тата седница на која се дискутираше и се донесени одлуки за утврдување на престанок на судиската функција поради исполнување на услови за старосна пензија и по сопствено барање на 2 судии, избор на судии поротници во Апелациониот суд Скопје, а исто така усвоена е измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки. Воедно, на седницата формирана е Комисија за спроведување на избори на член на Советот од редот на судиите на кој оглас е пријавен само еден кандидат, судијата Џенета Бектовиќ. Исто така, на седницата е донесена одлука судијата Саша Ѓорѓевиќ од Основен суд Куманово да биде номиниран за член на Националната комисија за борба против трговијата со луѓе и илегална миграција.

На 16.08.2024 година, Судскиот совет ја одржа 495-тата седница која беше итна. На оваа седница, Советот констатираше престанок на судиска функција на судијата од Врховниот суд на РСМ, Наќе Георгиев поради изречена казна затвор во траење од 3 години и забрана за вршење на професија исто така во траење од 3 години. На оваа седница, претседателот на Советот формираше и комисија во состав од 3 членови на Советот за утврдување на фактичката состојба за постапување на судија во одредени предмети од јавен интерес од Основниот кривичен суд Скопје.

На 26.08.2024 година, Судскиот совет ја одржа 496-тата седница на која меѓудругите точки од дневниот ред, донесена е и одлука за за објавување на оглас за избор на претседател на Основен суд Гевгелија, Основен суд Охрид, Основен суд Радовиш, Основен суд Струмица, Основен суд Берово, Основен суд Делчево и Основен суд Крушево.

На 05.09.2024 година, Судскиот совет ја одржа 497-мата седница на која меѓудругите точки од дневниот ред, беа разгледани и усвоени:

1.Извештајот од Работна група за констатирана состојба по предмети на Основен кривичен суд Скопје

2.Извештајот од Работна група за констатирана состојба по предмет на Апелационен суд Скопје.

На 10.09.2024 година, ја одржа 498-та седница на која меѓудругите точки од дневниот ред, констатиран е и престанок на мандат на Сашко Георгиев,  член на Судскиот совет на Република Северна Македонија, поради истек на времето за кое е избран.

На 19.09.2024 година, Судскиот совет ја одржа 499-та на која меѓудругите точки од дневниот ред, се разгледуваше извештајот на Комисија за проверка на навременост на пријавите и комплетност на документите по објавен оглас за избор на претседател на Апелационен суд Битола. Следствено на ова, се пријавени три кандидати и тоа судиите Анита Милошевска, Жаклина Доведен и Никола Крстевски, со тоа што судијата Никола Крстевски е со неуредна документација, па оттука изборот за претседател на Апелациониот суд Битола ќе продолжи со судиите Анита Милошевска и Жаклина Доведен.

На 25.09.2024 година, Судскиот совет ја одржа 500-тата седница на која формирана е комисија за подготовка на кандидатски листи за кандидати за членови на Судскиот совет од редот на судиите. Исто така на оваа седница, Советот донесе одлуки за времено упатување на 2 судии како и беа усвоени извештаите за второто тромесечие за работата на судовите во 2024 година. На оваа седница беа разгледувани и претставки од страна на граѓани за работата на судиите и претседателите на судовите. Од 54 претставки само 2 беа основани.

## СЕДНИЦИ НА СОВЕТ НА ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ НА РСМ

На 20.09.2024 година, Советот ја одржа 2-та седница на која Марјана Илиевска, член на Советот беше номинирана за член на Етичкиот совет на јавните обвинители, а Кети Петкова, член на Советот беше номинирана за член на Националното координативно тело за имплементација на Советот на Европа за спречување и борба против насилство врз жените и семејното насилство. На оваа седница, Советот донесе одлука за дисциплинската постапка против јавните обвинители Гордана Гешковска, Златко Биковски и Јован Цветановски да се запре поради ненавременост на предлогот за поведување на дисциплинска постапка. По однос на вториот дисциплински предмет, Советот донесе одлука жалбата да се одбие како неоснована и одлуката на Комисијата за утврдување на дисциплинска одговорност да се потврди за јавниот обвинител Расим Дреца со која одлука е изречена дисциплинска мерка намалување на месечната плата во висина од 30% во траење од 6 месеци.